


***Малешевијата е позната како борбен крај кој одиграл значајна улога во создавањето на револуционерна клима и при ослободувањето на Македонија. Една од најсветлите фигури во тие немирни времиња е, секако, револуционерот Никола Петров- Русински, кој, цел живот се бореше за слободата на Македонија, но, за жал не ја дочека.***

Никола Петров-Русински (Чукарски) е македонски социјалист, револуционер, деец на ТМОРО, околиски војвода, учесник во Илинденското востание. Завршил подофицерска школа во Софија и бил близок пријател со Гоце Делчев и Васил Главинов. Задоен со идеите на социјализмот, тој го наоѓа своето место во македонското револуционерно движење и безусловно му служи целиот свој живот.

Во 1897 година, станал четник во првата чета на ТМОРО во Малешевијата, а потоа и во четата на Гоце Делчев. Како близок соработник на Гоце Делчев, во 1900 година бил испратен во западниот дел на Македонија, каде станал првиот војвода - агитатор во Крушевско, Демирхисарско, Кичевско, Прилепско, Охридско, Струшко, Битолско и Мариово. Учествувал на Смилевскиот конгрес и во Илинденското востание во Битолско. Користел псевдоними како Апостол Скитов, Атила Елонски и сл.

Никола Петров е роден на 21 ноември 1875 година во селото Русиново, по кое го добил прекарот Русински. Мајка му се викала Шекерина Мицова, а татко му Петар Стојанов кој

потекнувал од најбогатата фамилија во село Русиново, Чукарци. Со гимназиско образование се стекнал во Кочани, а во периодот од 1893 до 1895 година престојувал во Цариград, каде се образувал и станал близок на социјалистичките идеи, а од септември 1895 до март 1897 година учел во подофицерското училиште во Софија. Во 1895 година се вклучил во редовите на Македонската организација и учествувал во акции на четите.

Во текот на школувањето во офицерската школа, Никола Петров-Русински се запознал со Гоце Делчев кој го вклучил во Македонската револуционерна организација. Во 1897 година, Русински станал четник во првата чета на ТМОРО во Малешевијата, предводена од војводата Васил Чочов. Истата година учествува во киднапирањето на Назлим-бег кое го раководел Гоце Делчев, а подоцна се приклучил во четата на Гоце Делчев.

Во 1898 година, Никола Петров-Русински се запознал со Васил Главинов, кој во Софија ја формирал Македонско-одринската социјалдемократска група. Русински како социјалист, се вклучил кон групата, во која членувале Велко Марков, Никола Карев, Димо Хаџи Димов, Лазар Главинов и др. Тргнувајќи од ставот дека без национално ослободување нема ни економска слобода, социјалистите меѓу кои и Русински се залагале за ослободување на Македонија и ги издигале слоганите „Македонија за Македонците“ и „Ослободувањето на Македонија е работа на Македонците“.

Во таа насока, социјалистите имале контакти со ТМОРО со која се сложувале за вооружено ослободување на Македонија и создавање на автономна македонска република со сопствени сили. Тие настапувале отворено и се спротивставувале на тврдиот централизам и идејната затвореност на Организацијата. Но, Делчев и Русински имале голема улога во вклучувањето на голем дел од социјалистите во Организацијата.

Никола Русински кој бил испратен од Гоце Делчев да го организира Битолскиот револуционерен округ, на 3 јули 1900 година учествувал на Првата социјалистичка конференција во Македонија одржана во близина на Крушево. Свесни дека можат да имаат влијание доколку и самите се вклучат во редовите на Организацијата, по одржаната конференција во Крушево, социјалистичката група ги доставила предлозите до Окружниот комитет во Битола кој ги прифатил и им доделил одредени клучни места (војводско место, инспектор на четите).

□□□□□□□□□□□□□□□□□□□□□□


НИКОЛА ПЕТРОВ
РУСИНСКИ
1875-1943


ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА - СКОПЈЕ
НИКОЛА ПЕТРОВ РУСИНСКИ
СПОМЕНИ


ПРИНОСЪ
КЪМЪ ИСТОРИЯТА НА ВЖТРЕШНАТА МАКЕДОНО-
ОДРИНСКА РЕВОЛЮЦИОННА ОРГАНИЗАЦИЯ
(градивния периодъ)
за времето 1900 – 1903 год.
отъ Никола П. Русински
Цена 10 лева
СОФИЯ, 1936 ГОД.

[illegible]



**Пишува СЛАВЕ КАТИН**